Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 41-в став (2) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20) и член 199 став (4) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20 и 171/22), министерката за одбрана донесе

# П Р А В И Л Н И К

**за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката**

Член 1

Во Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, бр. 01-4604/1 од 05.07.2021 година и бр. 01-1171/1 од 16.02.2022 година во член 4, по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„По исклучок, упатувањето на лицата од став 4 на овој член, може да се продолжи до завршување на школската година на децата кои ги придружуваат во странство, но не повеќе од 6 (шест) месеци од денот на завршување на упатувањето.“

Ставовите 5, 6, 7 и 8 стануваат ставови 6, 7, 8 и 9.

Член 2

Во член 4 ставот 6 се менува и гласи:

„Упатувањето на лицата од став 4 на овој член, не може последователно да се повтори.“

Член 3

Во член 4 ставот 8 се менува и гласи:

„Лицата од став 7 на овој член можат да се ангажираат единствено врз основа на претходно доставена писмена согласност од нивна страна.“

Член 4

Во член 4 ставот 9 се менува и гласи:

„Во случај од став 7 на овој член, лицата ги остваруваат правата кои се поповолни за нив за време на извршување на меѓународната должност.“

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-733/1

14-02-2023 2023 год

Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

Славјанка Петровска